Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:22.02.2023 15:48:48
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 39** **22 февруари 2023, среда** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | Стр. | | Стр. |
|---|---|---|---|
| **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија ........................................ | 74 | | |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 39 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20 и 171/22) министерот за одбрана, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ ЗА ОФИЦЕРИ, ОДНОСНО ПОДОФИЦЕРИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ ВОЈНИЦИ И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/18), во насловот и во членовите 1 и 5 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 4 во ставот 1 зборовите „Правилникот за начинот на одржување и проверка на физичката способност на активниот воен персонал за служба во Армијата на Република Македонија.“ се заменуваат со зборовите „Правилникот за начинот на одржување и проверка на физичката способност за служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и начинот на работа на комисиите за проверка на физичката способност.“.

Член 3

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

„Член 7-а”

Кандидатите кои претходно се пријавиле на јавниот оглас за прием на кандидати за офицери односно подофицери професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата, и успешно ги поминале сите фази во постапката согласно овој правилник, а не биле примени на служба во Армијата, не подлежат на проверка за физичка подготвеност и на здравствени прегледи, доколку од последните проверки односно прегледи на кандидатите, не поминале повеќе од девет месеци.“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-843/1
21 февруари 2023 година
Скопје

Министерка за одбрана,
**Славјанка Петровска,** с.р.